АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 10-412/1
07-04 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: Друштвата за осигурување

*Циркуларен допис*

Предмет: Известување во врска со барањата за финансиско известување од страна на друштвата за осигурување

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членот 469 став (5) од Законот за трговски друштва а во врска со одредбите од членот 16 од Законот за вршење на сметководствени работи, во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 75 од 3.4.2024 г. е објавен Правилник за водење на сметководството (во понатамошниот текст само Правилник). Со овој акт се менуваат правилата за водење на сметководство и финансиско известување за ентитетите кои имаат обврска да водат сметководство и да подготвуваат финансиски извештаи во согласност со барањата на меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Со донесувањето на овој правилник престануваат да важат барањата содржани во Правилникот за водење на сметководството објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/09, 164/10 и 107/11. Во суштина, со извршениот и објавен превод на МСФИ се врши ажурирање на домашната регулатива за водење на сметководство и финансиско известување за општи цели со цел усогласување со актуелно применливите меѓународни стандарди. Преводот се однесува на стандардите кои во меѓународни рамки се во примена од 1.1.2023 година.

Правилникот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година. По исклучок на ова, МСФИ 17 Договори за осигурување и МСФИ 9 Финансиски инструменти ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2028 година, а друштвата за осигурување продолжуваат да ги применуваат МСФИ 4 и МСС 39 дадени во прилогот на Правилникот за водење сметководство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/09, 164/10 и 107/11) до 31 декември 2027 година.

По сопствена иницијатива, Агенцијата за супервизија на осигурување пред извесно време, со циркуларни дописи бр. 10-726/1 од 22.9.2023 и бр. 08-

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

49/1 од 10.1.2024 г. кои дописи ги достави по електронски пат до сите друштва за осигурување, и истите ги објави на веб страната, ги извести друштвата за осигурување за мандатот кој го има врз основа на Законот за супервизија на осигурување да донесува подзаконски акти од областа на водењето на сметководството, финансиското известување, ревизијата на друштвата за осигурување; како и да донесува правила за известување за целите на спроведувањето на супервизијата. Во овие дописи, Агенцијата ги извести друштвата за осигурување за намерите за менување на постојната регулатива и прифаќање на актуелните меѓународни стандарди за финансиско известување со цел да се подобри финансиското известување на друштвата за осигурување, уште пред истите да бидат објавени во Службен весник, во април 2024 година, по временска пауза од скоро 15 години од последната објава на преведени меѓународни стандарди за финансиско известување.

На барање на Агенцијата, друштвата за осигурување известија повратно за лицата кои се назначени да ги координираат и комуницираат со Агенцијата идните активности на друштвата за осигурување поврзани со транзицијата кон новите барања за финансиско известување. Дополнително, друштвата за осигурување ја известија Агенцијата за деловните намери, подготовки и планови за транзиција на нивните системи, процеси и интерни контроли со цел прифаќање и примена на новите барања содржани пред сè во МСФИ 17 Договори за осигурување.

Согласно општата примарна регулатива која се применува во Македонија, преводот на стандардите е направен од страна на Институтот за сметководители и овластени сметководители (ИСОС), професионално тело основано согласно Законот за вршење на сметководствени работи. Датумот на влегување во сила, ставањето вон сила на барањата кои се применуваа до датумот на влегување во сила на новите барања, како и примената на поединечните одредби се утврдени во одредбите од Правилникот донесен од страна на министерот за финансии, како и во прилогот кој е составен дел од правилникот.

До датумот на прва примена на МСФИ 17 друштвата за осигурување имаат обврска да го водат сметководството и да подготвуваат финансиски извештаи за договорите за осигурување во согласност со барањата содржани во правилниците донесени врз основа на Законот за супервизија на осигурување, од страна на Агенцијата, како и МСФИ 4 Договори за осигурување.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Имајќи ги предвид обемноста и сложеноста на промените кои треба да се случат во претстојниот период во корпоративното управување со друштвата за осигурување во Македонија, Агенцијата советува во периодот до донесување на нови правилници од членот 122 од ЗСО, органите на управување и надзор на друштвата за осигурување да овозможат на сите нивоа во организацијата на работењето соодветни промени како би можеле друштвата за осигурување почнувајќи од 1.1.2027 година, како почетен датум на транзиција, да го водат сметководството и да известуваат за договорите за осигурување и за финансиските инструменти согласно со барањата на МСФИ 17 и МСФИ 9.

Во смисла на горенаведеното, Агенцијата упатува на веќе остварената формална комуникација со друштвата за осигурување и одговорите кои ни беа доставени на барањето бр. 08-49/1 од 10.01.2024 година.

Покрај ова упатуваме на објавените придружни материјали, кон соодветните стандарди, како што се на пример, Дефиниции на Поими, Основи за Заклучоци, Илустративни Примери, Упатства за Примена, Датум на Ефективна Примена и Транзиција, и останати прилози достапни на англиски јазик на веб страната на МСФИ Фондацијата: www.ifrs.org, со цел соодветно, точно и целосно информирање за барањата поврзани со финансиското известување на друштвата за осигурување.

**Во врска со примената на барањата од МСФИ 16 Лизинг (Наеми)**

Друштвата за осигурување се должни да го усогласат водењето на сметководството и финансиското известување во согласност со барањата содржани во МСФИ 16 Наеми кој е составен дел на Правилникот за водење на сметководството („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/24 и 274/24) почнувајќи од 1 јануари 2025 година.

Со овој допис Агенцијата дава упатства на друштвата за осигурување за полесна примена на барањата на стандардот. Сепак, овој допис нема намера да ги опфати сите поединости од важечкиот меѓународен стандард за финансиско известување за наеми (МСФИ 16). Затоа, кога е потребно, друштвата за осигурување треба да употребат соодветни повикувања во објавениот стандард, како дополнителен референтен извор за консултации и за понатамошен увид во специфичните детали за одредени прашања.

**Цел**

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Овој стандард ги определува принципите на признавање, мерење, презентирање и обелоденување на договорите за наем. Целта е да се обезбеди дека корисниците на наем и давателите на наем овозможуваат релевантни информации на начин кој веродостојно ги прикажува тие трансакции. Овие информации им даваат основа на корисниците на финансиските извештаи да ги проценат ефектите што ги имаат договорите за наем на финансиската состојба, финансиската успешност и готовинските текови на субјектот.

Еден договор или дел од договор се идентификува како наем кога се пренесува правото на контрола врз употребата на средството предмет на договорот, за одреден временски период во замена за надоместок. Предмет на договорот за наем може да бидат земјиште, недвижности, опрема и нематеријални средства. За да се определи дали еден договор или дел од договор го пренесува правото на контрола на употреба на средството, потребно е да се процени дали во целиот период на употребата наемателот ќе ги стекне сите економски користи од употребата и ќе стекне право на целосна употреба на средството.

**Наеми од аспект на наемателот**

***Признавање и мерење***

МСФИ 16.22 Датумот на кој наемателот има право да ги користи своите права за употреба на средството под наем е датумот на почетното признавање на наемот и наемателот треба да признае средство со право на користење и обврска за наем.

Наемателот ги прикажува средствата со право на користење во билансот на состојба, на позицијата АОП 006 „Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста“, и/или АОП 069 „Материјални средства кои служат за вршење на дејноста“. Средствата со право на користење почетно се признаваат по нивната набавна вредност на датумот на започнувањето на важноста на договорот за наем, којашто е еднаква на почетната вредност на обврските за наем, зголемена за плаќањата за наем направени пред или на денот на започнувањето на важноста на договорот за наем и какви било директно зависни трошоци на договорот за наем. Последователно, средствата со право на користење се мерат

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

според почетната сметководствена вредност, намалена за акумулираната амортизација и оштетување и се приспособуваат за одредени усогласувања на обврската за наем. Средствата се амортизираат според вообичаената политика за амортизација, применета за другите недвижности, опрема и нематеријални средства и амортизацијата се признава како трошок во билансот на успех. Средството со право на користење се амортизира за пократкиот период од времетраењето на наемот и од корисниот век на употреба на средството. За средствата со право на користење, друштвото за осигурување целосно ги применува барањата да врши тест на оштетување на средствата, содржани во МСС 36.

Наемателот ја прикажува обврската којашто произлегува од наемот во билансот на состојба, во рамките на позицијата АОП 133 „Останати обврски" како поединечно издвоена/прикажана обврска (дури и ако обврската е помалку од 10% од вкупните останати обврски) во белешките кон финансиските извештаи за друштвата за осигурување, на образец содржан во прилог кон овој допис. Обврската за наем се признава на датумот на започнувањето на наемот, во износ на сегашната вредност на плаќањата за наемот, дисконтирани со користење на договорната стапка на наемот. Доколку таа не е утврдена во договорот, се употребува инкрементална стапка којашто се определува врз основа на каматната стапка на годишно ниво по којашто друштвото за осигурување би можело да се задолжи за период приближно еднаков на договорениот период на наемот. Последователно, обврската за наем се мери по амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка, односно се зголемува за трошоците за каматата на наемот, се намалува за извршените исплати на обврската за наем и се приспособува при повторна процена на износот за кој се очекува дека ќе се плати или при промена на идните плаќања на наемот. Расходот за камата на обврската за наем се распределува и се признава во билансот на успех за периодот на времетраење на наемот.

МСФИ 16.5, 16.6

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Наемателот може да избере да не ги евидентира во билансот на состојба средствата под наем како средства со право на користење, ниту да евидентира обврска за наем, доколку е исполнет барем еден од критериумите:

- договорот за наем е краткорочен, односно на датумот на започнувањето, има период на наем од 12 месеци или помалку, при што се земаат предвид и можностите и веројатноста за продолжување на периодот на наем. Притоа, наем којшто содржи опција за купување не е краткорочен наем.
- средството под наем е со мала вредност, вообичаено под 300.000 денари. Притоа, се зема предвид вредноста на средството под наем како ново средство, без разлика на неговата старост на датумот на земање под наем.
- нематеријалните средства земени под наем.

МСФИ 16.4 Доколку друштвото за осигурување наемател одлучи да ги користи овие исклучоци, ќе ги признава плаќањата за наем како расход во билансот на успех за времетраењето на наемот, во позицијата АОП 275 „Останати расходи вклучувајќи и вредносни усогласувања".

Средствата со право на користење на друштво за осигурување наемател не се средства од капиталот во смисла на одредбите од Законот за супервизија на осигурување.

***Обелоденување***

Друштвото за осигурување треба да ги обелодени:

- сегашната сметководствена вредност на датумот на билансот на состојба, за средствата со право на користење;
- анализата на достасувањето на обврските за наем на датумот на билансот на состојба, за секоја од следните пет години и вкупниот износ над пет години;
- расходот за камата врз основа на обврските за наеми, признаен во билансот на успех;

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

- трошоците за кирии признаени во билансот на успех за средствата под наем со мала вредност и за средствата под краткорочен наем;
- приходот од поднаем на средствата со право на користење;
- описот на позначајните договори за наем.

**Наеми од аспект на наемодавателот**

Наемодавателот треба да го класифицира секој договор за наем како финансиски или како оперативен наем.

МСФИ 16.62 Финансиски наем е наемот со кој суштински се пренесуваат сите ризици и користи од средството дадено под наем, без разлика дали правно е пренесена или се предвидува да биде пренесена сопственоста на средството. Сите други наеми се оперативни наеми.

За да се направи правилна класификација на наемите како финансиски или оперативни наеми, потребно е правилно да се разберат условите на договорот за наем. Одлуката треба да се темели врз економската суштина на договорот за наем, а не само врз правната форма.

Примери на ситуации коишто вообичаено би воделе до класификација на наемите како финансиски наеми се:

- кога се пренесува правото на сопственост врз средствата на наемателот до крајот на рокот за наем;
- кога наемателот има можност да го купи средството по цена за која се очекува дека ќе биде значително пониска од објективната вредност на средството, на датумот кога можноста ќе стане применлива, така што на почетокот на наемот економски разумно е да се очекува дека можноста ќе биде искористена;
- кога времетраењето на наемот е за поголемиот дел (75% или повеќе) од корисниот век на употреба на средството, дури иако сопственоста врз средството не се пренесува;
- кога на почетокот на наемот, сегашната вредност на минималните износи на плаќања за наемот е приближно

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

еднаква (90% или повеќе) на објективната вредност на средството дадено под наем; и

- кога средството под наем е со специфична природа и намена и само наемателот може да го користи без да изврши поголеми модификации на средството.

Класификацијата на наемите како финансиски или оперативни наеми се прави на датумот на започнување на наемот. Датум на започнување на наемот е поранииот датум од датумот на договорот за наем и од датумот на обврзувањето на страните кон основните одредби на наемот.

Сметководствениот третман на наемот, во случај на наемодавател, зависи од тоа дали станува збор за финансиски или за оперативен наем.

Обелоденувањата коишто друштвото за осигурување треба да ги прикаже во финансиските извештаи зависат од тоа дали станува збор за финансиски или за оперативен наем. Притоа, друштвото за осигурување треба да ги обелодени информациите за оперативните наеми, пропишани подолу, само за неотповикливите договори за оперативен наем.

Неотповиклив договор за оперативен наем е наемот којшто може да се отповика само:

- со дозвола на наемодавателот;
- кога ќе се случи некоја далечна неизвесност;
- доколку наемателот склучи нов договор за наем со истиот наемодавател за истото или за еквивалентно средство;
- доколку, на почетокот на наемот, наемателот плати дополнителен износ, со што продолжувањето на наемот е сигурно.

*Финансиски наеми во финансиските извештаи на наемодавателите*

***Признавање и мерење***

Наемодавателот го прикажува финансискиот наем како „побарувања врз основа на финансиски наем" на позицијата АОП 066 Останати побарувања во билансот на состојба. Побарувањата врз основа на финансиски наем, на нето-основа, го претставуваат збирот на минималните плаќања за наемот и секој незагарантиран остаток на вредноста којшто го пресметува

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

наемателот, дисконтиран по каматната стапка што важи за наемот. Минималните плаќањата за наем ги вклучуваат отплатите на главница врз основа на финансискиот наем и приходите од камати. Признавањето на приходите од камати ја одразува стапката на поврат на нето-вложувањата (главница) во финансискиот наем. Каматната стапка што одговара на наемот се одредува на почетокот на наемот. Тоа е стапката којашто е содржана во договорот за наем или доколку во договорот за наем нема наведено каматна стапка, таа се утврдува како стапка по која вкупната сегашна вредност на збирот на минималните плаќања за наемот и незагарантираниот остаток на вредноста е еднаква на збирот на објективната вредност на средствата под наем и почетните директни трошоци на наемодавателот.

Почетните директни трошоци на наемот (на пример провизиите и надоместоците за правни услуги настанати во текот на преговарањето и договарањето на финансискиот наем) се вклучуваат во почетното мерење на побарувањето од финансискиот наем (не е дозволено почетните директни трошоци на наемот да се евидентираат како трошоци кога ќе настанат).

Последователно, наемодавателот ќе го признава финансискиот приход за целиот период на наемот на систематска и рационална основа и ќе го намалува побарувањето врз основа на финансиски наем. Побарувањето врз основа на финансиски наем се следи за оштетување во согласност со барањата на МСФИ 9 за оштетување/исправка на вредноста на финансиските средства.

***Обелоденување***

МСФИ 16.94 Друштвото за осигурување ги обелоденува:

- усогласувањето помеѓу вкупното вложување во наемот и сметководствената вредност на побарувањето за финансиски наем;
- анализата на достасувањето на побарувањето за финансиски наем на датумот на билансот на состојба, прикажувајќи ги недисконтираните плаќања врз основа на наемот на годишна основа за секоја од следните пет години и вкупниот износ над пет години;
- недостасаниот финансиски приход;

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

- незагарантираниот остаток на вредноста на средството, којшто ќе достаса во корист на наемодавателот;
- акумулираната исправка за ненаплатените побарувања за финансиски наем;
- описот на позначајните договори за финансиски наем.

*Оперативните наеми во финансиските извештаи на наемодавателите*

***Признавање и мерење***

Наемодавателот ги прикажува средствата дадени под оперативен наем во билансот на состојба, во позиција АОП 009 Земјиште, градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста. Средствата се проценуваат според принципите и барањата од МСС 16.

Приходите од оперативниот наем се евидентираат во билансот на успех за периодот на наемот и се прикажани во позицијата АОП 225 Останати приходи. Почетните директни трошоци, настанати со цел да се договори оперативниот наем, треба да се додадат на сметководствената вредност на средствата под наем и да се признаат како расход во времетраење на наемот, врз иста основа/динамика како што се признаваат и приходите од наем.

За средствата дадени под оперативен наем, друштвото за осигурување целосно ги применува барањата да врши тест на оштетување на средствата, содржани во МСС 36.

***Обелоденување***

МСФИ 16.97 Друштвото за осигурување треба да ги обелодени:

- анализата на достасувањето на идните минимални плаќања за неотповикливите договори за оперативни наеми за секоја од следните пет години и вкупниот износ над пет години;
- описот на позначајните договори за оперативен наем.

Друштвата за осигурување корисници на средства под наем, коишто биле класифицирани како оперативен наем, се должни да ги преоценат сите договори за наем со состојба на 31 декември 2024 година и на 1 јануари 2025 година, да ги класифицираат и да ги мерат во согласност со упатствата во овој допис и барањата од МСФИ 16 објавени во Прилогот од Правилникот

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

за начинот на водење на сметководство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 75/24 и 274/24).

Друштвата за осигурување сметководствено ќе ги евидентираат разликите коишто ќе произлезат од преоценувањето на сите договори за наем како корекција на почетната состојба на 1 јануари 2025 година на контата 940/941 – Нераспределена нето-добивка или пренесена загуба.

Друштвата за осигурување треба да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за идентификуваните договори за наем согласно со барањата содржани во МСФИ 16 во годишните финансиски извештаи, согласно обврските за известување од членот 120 од ЗСО, почнувајќи од обврската за известување за работењето во периодот 1.1.–31.12.2025 година. Друштвата за осигурување треба кон годишниот извештај за работењето да подготвуваат и да доставуваат податоци за наеми, на електронски образец во Excel, на електронската адреса на Агенцијата izvestai@aso.mk, во рокови утврдени во законот. Образецот ви го испраќаме по електронски пат, како прилог кон овој циркуларен допис, на официјалните е-адреси на друштвата за осигурување, и истиот ќе биде објавен на веб страницата на Агенцијата.

Со почит,

м-р Ели Дракуловска,
Претседател на Советот на експерти

Согласни:
Александра Дранговска
Горан Здравковски